*Кочани, 30.08.2023*

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За пријавување на 10 лица – мажи од општина Кочани кои ќе бидат вклучени во креирање и реализација на туристичките понуди/посети**

Здружението за екологија и заштита на животната средина „Еко Тим Исток“, Кочани, во рамки на проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ објавува **Јавен повик за пријавување на 10 лица – мажи од општина Кочани кои ќе бидат вклучени во креирање и реализација на туристичките понуди/посети.**

Пријавените кандидати ќе бидат дел од **четири** обуки на различни теми (Туризам, принципи и практики; Култура, традиција и обичаи на општина Кочани; Комуникациски вештини, Одржлив менаџмент на ресурси).

По завршувањето на предвидените обуки, лицата со Одлука од страна на Советот на општина Кочани ќе бидат прогласени за Локални водичи за општина Кочани, и ќе добијат соодветен сертификат.

Избераните лица ќе бидат дел од неколку промотивни активности во рамки на проектот, а активно ќе бидат вклучени и во креирање, организирање и реализирање на конкретни туристички понуди за рурален и алтернативен туризам во општина Кочани.

Обуките ќе бидат реализирани од страна на партнер организацијата во проектот – „Здружение на бизнис жени“ – Скопје.

Учеството на сите обуки и активности е бесплатно.

Сите заинтересирани, да се пријават на маил ekotim_istok@yahoo.com или кај координаторот на проектот Ирена Мирчовска, на тел. 071 272 024, најдоцна до 06.09.2023 година.

Funded by the European Union

ЕКО ТИМ ИСТОК

*Проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ на Здружението „Еко Тим Исток“ се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – ReLOaD2, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Проектот „Запознај ги убавините на општина Кочани“ е кофинансиран од Општина Кочани.*